# ПЕНЗИОНЕРСКИ видици

НОВА МАКЕДОНИЈА Број 3, Четврток-петок, 12-13 април 2012

СЗПМ
Сојуз на здруженијата на пензионерите на Македонија




СОСТАНОК НА МЕНАЏЕРСКИОТ ТИМ НА ФПИОМ СО ПРЕТСЕДАТЕЛИТЕ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИ

## Заклучоци за подобра соработка

Мендо Димовски

Иницијативата на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија (ФПИОМ) за организирање состаноци еднаш месечно со претседателите на здруженијата на пензионери на Македонија веќе стана практика. Така, на 23 март во седиштето на ФПИОМ, менаџерскиот тим на Фондот, предводен од генералниот директор Беким Незири, го одржа планираниот состанок со претседателите на ЗП, на кој присуствуваа претседатели на сојузи и на здруженија на старосни и семејни и на инвалидски пензионери.

Во воведното излагање директорот на ФПИОМ, Беким Незири, го нагласи значењето на оваа средба од аспект на согледувањето на најгорливите проблеми што треба што поскоро да се надминат. Тој ја истакна потребата од поголемо меѓусебно разбирање за да се избегнат тешкотиите во функционирањето на Фондот и упати апел до здруженијата што го тужат Фондот по разни основи, да ги повлечат тужбите, бидејќи постои можност за оштетување и намалување на средствата за пензија, со што, како што рече, практично излегува дека си ја сечеме гранката на која седиме. Затоа, директорот Незири повика на разбирање и менување на односот кон Фондот во смисла на неговото прифаќање како свој.

> Здруженијата што го тужат Фондот по разни основи, да ги повлечат тужбите, бидејќи постои можност за оштетување и намалување на средствата за пензија

Дискусијата протече во поставувања конкретни прашања до директорот, и тоа најмногу во врска со враќањето на средствата од солидарниот фонд и распределбата на членарината, за што најголемо недоразбирање изразија претставниците на инвалидските здруженија, а за што, всушност, Фондот не е надлежен. За ова појаснување дадоа претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, и потпретседателот на ИО на СЗПМ, Методија Тошевски, при што потсетија на заклучоците од претходниот состанок за создавање порелаксирана атмосфера и зајакнување на соработката. Како исклучително значајно се наметна прашањето за ажурирање на евиденцијата за членството на здруженијата на пензионерите.

На крајот на средбата заменик-директорката Марија Козјеклиска ги истакна следните заклучоци:

1 Во најкраток рок да се одржи состанок со здруженијата што го тужат Фондот за да се решат недоразбирањата;

2 Да се расчистат меѓусебните недоразбирања и спорови меѓу самите здруженија на корисници на инвалидска пензија;

3 Да се забрза одобрувањето од Дирекцијата за заштита на податоците, со цел ФПИОМ да може да доставува списоци на членството по здруженија.

4 Фондот зема обврска да им препорача на филијалите и деловниците во општините да даваат одредени податоци што им се потребни на здруженијата.




ХРОНИЧЕН НЕДОСТИГ ОД СМЕСТУВАЧКИ КАПАЦИТЕТИ

## Градот претесен за пензионерите

Маја Трајковска

Метрополата нема место каде да ги згрижи пензионерите, во главниот град има само десетина пензионерски домови и околу 100.000 стари лица.

Од Министерството за труд и социјална политика сметаат дека е потребно отворање на нови установи за да се зголеми сместувачкиот капацитет и информираат дека е при крај изградбата на нов приватен дома за стари лица во Карпош 4.

Во градот со години не е изграден нов дом за стари лица, освен приватните центри, кои, како што велат пензионерите, се премногу скапи за нивните џебови.

- Пензионерски домови има многу малку, има и приватни, но тие се прескапи и никој не може да си дозволи да се смести таму, освен ако нивните деца имаат повеќе средства за да им уплатат во тие домови – вели Грозда Данева, претседателка на Здружението на интелектуалци-пензионери на Скопје (ЗИПС).

Од здружението велат дека и оние домови што ги има се веќе застарени, градот нема изградено нови, а бројот на старци постојано се зголемува.

- Министерството за труд и социјална политика време е да размисли за старата популација, макар од хумана гледна точка, бидејќи старците се оставени сами на себе. Наместо да се изгради еден споменик, што изнесува милиони евра, средствата може да се инвестираат во изградба на пензионерски домови – смета Данева.

Цената во приватните домови се движи од 18.000 до 30.000 денари, во зависност од тоа кои услуги се бараат да им се понудат на пензионерите. Во единствениот државен дом во градот за згрижување стари лица „Мајка Тереза“ месечната цена за престој изнесува околу 13.000 денари.

- Сметам дека треба да има изградба на повеќе домови, кои ќе нудат целосно згрижување на старите лица, како здравствена сигурност, храна, лична хигиена. Во последно време имаме зголемен интерес, но кај нас сè уште менталитетот не оди во таа насока - да се даде родителот во дом за стари лица – вели Никола Матевски, претседател на домот за згрижување стари лица „Мајка Тереза“.

Од Министерството за труд и социјална политика, под чија надлежност е домот „Мајка Тереза“, велат дека потребата од згрижување, односно сместување и давање соодветни услуги на старите лица во специјализирани институции во нашата земја, а особено во Скопје, е сè поизразена.

> Пензионерски домови има многу малку, а приватните центри се прескапи и никој не може да си дозволи да се смести таму, велат постарите



- Ваквата појава е резултат на демографските процеси на населението, кои покажуваат поинтензивна стапка на стареење. Оваа категорија од популацијата не е во состојба сама да се грижи за себе, пред сè, поради староста и изнемоштеноста – велат од Министерството.

Оттаму појаснуваат дека се разгледуваат и можности за јавно-приватно партнерство за изградба на нови домови, и доколку бидат остварени овие инвестиции, дополнително би се зајакнала мрежата на јавни и приватни установи за социјална заштита на стари лица, а со тоа и достапноста на услугата за згрижување стари лица.

- Потребата за домови е препознаена од страна на државата, но и од страна на приватниот сектор, па затоа вложувањата во оваа дејност се значително зголемени. Освен постојните јавни и приватни домови за стари лица, во моментов при крај е изградбата на приватен дом за стари лица во населбата Карпош 4 – информираат од Министерството за труд и социјална политика.

РЕКОРДИТЕ НА ЃУРЃА И МИХАЈЛО



# Забранета љубов што трае веќе 70 години

**Мендо Димовски**

Животната приказна на 88-годишниот пензионер Михајло Ристовски не може да почне без неговата 89-годишна верна сопатничка Ѓурѓа. Двајцата родени во пограничното село Живојно кај Битола, уште од мали нозе се фатиле во костец со животот, го прескокнале детството и во тие бурни времиња брзо созреале. Љубовта меѓу нив се родила на седумнаесетгодишна возраст и засекогаш ги споила. Оттогаш поминале 70 години, а ако ги служи здравјето, тие се надеваат дека уште долго ќе бидат заедно и ќе му се радуваат на животот. Сега, кога го враќаат времето наназад, со задоволство се сеќаваат на минатото и раскажуваат за нивната забранета љубов поради спротивставувањата на родителите на Ѓурѓа, кои не сакале нивната ќерка од богато да влезе во сиромашно семејство. Сепак, Ѓурѓа решила сама да си ја крои иднината и затоа, без двоумење, како бегалка се омажила за Михајло.

- Еве, по толку години, до ден-денес, никогаш не сум се покајала за таквата одлука, зашто знаев дека Михајло беше и остана душа од човек, а за сопруг и родител, да не кажувам. Во почетокот навистина тешко ни одеше, бидејќи поминуваме низ разни премрежиња. Едно време сама се справував со 3 деца, син и две ќерки, меѓутоа создадовме примерно семејство и сега срцето ми е исполнето. Многу сум среќна што имаме 4 внучиња и 2 правнучиња и во длабока старост, со релативно добро здравје, секојдневно им се радуваме и ги чекаме да нè посетат. Кога ќе дојдат, внесуваат живост, нè расположуваат и нè подмладуваат - со насмевка на лицето вели Ѓурѓа.

> Љубовта меѓу нив се родила на седумнаесетгодишна возраст и засекогаш ги споила. Оттогаш поминале 70 години, а ако ги служи здравјето, тие се надеваат дека уште долго ќе бидат заедно и ќе му се радуваат на животот

Потоа, Михајло почнува да ги реди случувањата што му го трасирале патот низ животот. Неговата животна приказна е толку интересна, толку опширна и на моменти трогателна, како да е нарачана за филм! И сето тоа Михајло го има запишано, како што вели тој, да не се заборави нешто. Читајќи го „животот“ и слушајќи го раскажувањето на Михајло, се прашував што попрво да одберам и да издвојам за да ви го прикажам вистинскиот Михајло, за подобро да го запознаете?

Ќе почнам од 1943 година, кога како рударски работник, не можејќи да го издржи туторството на бугарските власти, со група младинци го напуштил рудникот и заминал во НОБ, се приклучил во борбата против окупаторот. Како партизан бил истакнат борец, во составот на повеќе партизански одреди, а учествувал и во пробивот на Сремскиот фронт. По војната како воено лице службувал во Валево, Крушевац, Шабац, Скопје, Приштина, за во 1948-1949 година да се врати во родното Живојно, како старешина во граничната служба и помагал во прифаќањето на децата-бегалци од Егејска Македонија за време на Граѓанската војна во Грција. Потоа следува неговото службување во Секретаријатот за народна одбрана во Скопје, па во Воената болница, во органите за безбедност во Третата (Скопска) армиска област сè до пензионирањето. И да не заборавам да кажам дека Михајло учествувал и во мировните мисии на Синај во 1961 година, кога цели шест месеци под закана да го изгуби животот во составот на инженерската чета вршел деминирање на терени... Многу служби, многу минувања по опасни патишта, одење ваму-таму и враќање... А за успесите, признанијата, ордените, медалите, наградите, навистина, недостига простор за набројување...

Со пензионирањето во 1974 година тој отвора нова страница во животот, кој продолжува да го живее со истото темпо. Ниту на едно поле не се намалува неговата активност и како редок, а можеби и единствен пример во пензионерската организација, во повеќе области станува вистински рекордер.

ОТЧЕТНИ СЕДНИЦИ НА ЗДРУЖЕНИЈАТА НА ПЕНЗИОНЕРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

# ЗАЛОЖБА за подобро пензионерско живеење

**Калина С. Андонова**

Првите месеци од годинава здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ минуваат во знакот на одржување отчетни седници, на кои се прават анализи на постигнатото и реализираното и се даваат насоки за новите активности.

● **Собранието на Сојузот на здруженијата на пензионери на градот Скопје**, на 21 март, во клубот „Јане Сандански“, одржа редовна седница, на која присуствуваа градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, и претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски. Со седницата раководеше претседателот на Сојузот, д-р Крсте Ангеловски, кој поднесе извештај за работата на Сојузот и ги назначи основните постигнувања во 2011 година. Градоначалникот на Скопје, Коце Трајановски, ги поддржа сите напори на Сојузот за подобрување на пензионерското живеење и во прилог на тоа рече дека ќе се заложи бенефициите што ги обезбедува градот за пензионерската популација и натаму да се задржат, а ќе настојува да се воведат некои нови.

Во поздравниот говор претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, искажа благодарност до градоначалникот на Скопје и до претседател на ЗЕЛС за воведената практика за помош и создавање поволни услови за исполнување на целите на пензионерската организација, но потсети и на некои определби од Националната стратегија за стари лица што треба што поскоро да се реализираат, како поддршка од страна на градот, како што е изградбата на пензионерски домови, центри за престој на стари лица и друго.

● **Седница одржа и собранието на Здружението на пензионерите на Центар во Скопје**, на која претседателот на ИО Павле Спасев ги истакна постигнатите резултати во работата.

Во дискусијата учествуваа поголем број од членови на здружението и гостите. Потпретседателот на СЗПМ, Методија Тошевски, издвои некои од поважните активности на Сојузот. Во прв план ја нагласи иницијативата за донесување посебен закон за пензионерското организирање, потоа организациското зајакнување на здруженијата на пензионерите, организирањето на масовните пензионерски манифестации и друго.

● **ЗП „Солидарност-Аеродром“ од Скопје** одржа свечена седница, при што претседателот на ИО Димитрија Богатиноски особено ги нагласи соработката и помошта од СЗПМ, од Фондот на ПИОМ и од локалната самоуправа. Посебен куриозитет на седницата претставуваше обраќањето на генералниот директор на Фондот на ПИОМ, Беким Незири, бидејќи првпат во историјата на СЗПМ функционер од таков ранг присуствува и учествува во работата на здружение на пензионери. Заблагодарувајќи се на благодарницата, која му беше врачена како признание за добрата соработка и за помошта на Фондот, директорот Незири ја изрази подготвеноста за натамошна непосредна соработка и помош во сите сфери на работата.

● **Во таа насока се одвиваше и седницата на собранието на ЗП „Чаир и Бутел“**, на која беа разгледани и едногласно усвоени извештајот за работата на органите и телата и завршната сметка за приходите и расходите за 2011 година, а со неа раководеше претседателот на собранието на ЗП „Чаир и Бутел“, Георги Христов. Во своето воведно излагање претседателот на извршниот одбор Перо Тагасовски поднесе информација за активностите и за работата на здружението за 2011 година, при што се задржа на актуелните прашања во остварување на целите и на задачите, напоменувајќи дека, иако во минатата година се работело во тешки економски услови, програмските определби се реализирани во сите сегменти. Од постигнатото со домаќинско работење, може целосно да се задоволни зашто зад нив оставаат уште една плодна и успешна година. Собирот го поздрави секретарката на СЗПМ Станка Трајкова, истакнувајќи дека извештајот ги покажува основната и суштинската работа на здружението во сите сегменти. Посебна нагласка даде на работата на здруженијата преку разграноците и клубовите, нагласувајќи дека тие се основна клетка на пензионерското дејствување.

> Општ заклучок од досега одржаните отчетни седници е дека во здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ во 2011 година се работело интензивно и домаќински и дека се очекува тој интензитет да продолжи и во 2012 година

● **Претходно, собранието на ЗП „Радовиш и Конче“** на проширена седница ги усвои извештајот за работа и завршната сметка за 2011-та, како и програмата за активностите со финансискиот план за 2012 година.

Во уводното излагање претседателот Јордан Костадинов ги истакна зголемените активности. Притоа, не криејќи го задоволството од постигнатото, констатира дека кај пензионерите се чувствува една позитивна раздвиженост, што е за поздравување, и дека со колективна работа и со градење меѓусебна доверба во иднина може да се очекуваат и подобри резултати. Градоначалникот на општината Радовиш, д-р Роберт Велков, во своето обраќање изрази голема благодарност за успешната соработка на локалната самоуправа со здружението на пензионерите, со нагласка дека во наредниот период се планира отворање на повеќе клубови на пензионери.

● Извештајот за извршените програмски задачи, годишната завршна сметка, активностите на органите и на телата и извештајот на надзорниот одбор беа главни точки разгледани на **четвртата седница на собранието на ЗП „Кисела Вода“**. Не се констатирани финансиско-материјални неправилности, што, како што беше речено, се потврдува и од извештајот на надзорниот одбор. Уводни напомени за успешната работа даде претседателот на ИО Благоја Арсиќ. Поздравувајќи ги во името на СЗПМ, секретарката Станка Трајкова особено ги нагласи очекувањата од донесувањето закон за пензионерско организирање во Македонија.

● **Собранието на здружението на пензионери „Гази Баба“**, на петтата седница, расправаше за работата на органите и на телата на ЗП во минатата година и донесе значајни одлуки за натамошно дејствување и за реализирање на програмските цели и задачи. Со седницата раководеше претседателката на собранието Ана Ѓоргиева. Во дискусијата посебно внимание привлекоа разгледувањето и усвојувањето на извештајот за работата на здружението во 2011 година, за кој воведни напомени и акценти даде претседателот на извршниот одбор Ѓорге Андонов. Резултатите од минатата година беа прифатени со оптимизам и како поттик за поголеми заложби и ангажирање во оваа година, во која сите активности ќе ги спроведуваат во знакот на одбележувањето на 40-годишнината од формирањето на ова здружение.

● **И собранието на ЗП „Крушево“** во овој период одржа отчетна седница на која извештај за работата поднесе претседателот Крсто Стојаноски, кој истакна дека во минатата година беа изведени повеќе активности што беа во знакот на одбележувањето на 65-годишнината од пензиското организирање во Македонија и на 20-годишнината од осамостојувањето на Република Македонија. Претседателот особено го истакна реновирањето на Пензионерскиот дом, за кое се вложени 300.000 денари сопственост на здружението.

● **На отчетната седница на собранието на ЗП „Гостивар“** претседателот на здружението Нијази Џелили поднесе опширен извештај за едногодишната работа на здружението.

Претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, откако им ги честита успешно остварените програмски задачи на здружението, укажа на мултиетничноста во раководењето, за потребата од вонредно зголемување на пензиите и за подобра здравствена заштита на пензионерите.

● **И собранието на ЗП „Сарај“** одржа отчетна седница, на која беа разгледани извештајот за работата на здружението, финансискиот извештај за потрошените средства за изминатиот извештаен период, како и програмата за работа и финансискиот план за 2012 година. На седницата беа присутни и гости од СЗПМ, претставници на пензионерските организации од Ѓорче Петров, Тетово и од Гостивар. Претседателот на


СЗП на град Скопје

# Неопходно е донесување закон за пензиското организирање во Македонија

Калина С. Андонова

Деновиве правно-економскиот форум на СЗПМ одржа проширена седница, на која беше разгледана и утврдена иницијативата за неопходност од донесување закон за пензиското организирање во Македонија.

Во моментов во Македонија има околу 280.000 пензионери организирани во четири сојузи. Само во сојузот на здруженија на пензионери на Македонија членуваат 248.000 пензионери организирани во 55 здруженија низ цела Македонија. Оваа популација од третата животна доба поседува огромно стручно и животно искуство, но претставува и економско-општествен чинител во државата, кој е вграден во сите сегменти и кој и ден-денес издржува голем број семејства од повеќе генерации.

Поради сето ова пензионерите претставуваат дел од населението во Македонија на кои треба да им бидат озаконети местото и улогата во државата, а не да бидат третирани под постојниот закон за здруженија и фондации во кои членуваат на пример десетина члена со ист интерес или хоби. Поради укажаната потреба и неминовност од донесување посебен закон за пензионерското организирање во Македонија, Сојузот на здруженија на пензионери на Македонија подготви иницијативен нацрт на закон што ќе оди на јавна расправа во сите здруженија, а ќе се изјаснат и искусни и стручни кадри од областа на правото, законодавството, пензиското осигурување, здравствената и социјалната заштита и друго. Се очекува до крајот на овој месец предлогот за новиот закон да биде доставен до Министерството за труд и социјална политика.

На седницата на правно-економскиот форум, во кој членуваат пензионери со респектабилен општествен и стручен рејтинг, беше заклучено дека оправданоста од донесувањето ваков закон ќе ја уважат сите институции во Македонија и дека ваков закон ќе биде донесен низ вообичаената процедура, бидејќи оваа популација од околу 300.000 граѓани, со кои се нераздвојно поврзани околу милион граѓани преку нивните семејства и институции што се грижат за неа, тоа и го заслужува.


Собрание [illegible] на Чаир и Бутел


Собрание на ЗП на Дебар

ЗП „Сарај“, Руфат Рамадани, поднесе извештај за едногодишното работење на здружението, при што меѓу другото истакна дека во изминатиот период работело успешно.

● **На третата собраниска седница на ЗП „Куманово“** беше констатирано дека во минатата година домаќински работело и ги реализирало сите предвидени активности. На седницата особено беше истакнат успехот на здружението со новото раководство, кое ги интензивира активностите во сите области на дејствувањето и воспостави поблиска соработка со повеќе здруженија на пензионери и со сојузот.

Во присуство на делегати и на гости, и здружението на пензионери на Кочани го одржа редовното годишно собрание, на кое беа усвоени извештајот за работа за 2011 година со финансов извештај и програмата за работа за 2012 година.

● Обраќајќи им се на присутните, претседателот на **кочанското пензионерско здружение** Ѓорѓи Серафимов истакна дека минатата година била успешна за за пензионерите од Кочани, до толку повеќе што биле реализирани сите програмски активности, а во соработка со Сојузот на пензионерите на Македонија и општината Кочани се почнати активности за изградба на пензионерски дом што ќе има регионално значење. Присутните на собранието ги поздрави и претседателот на Сојузот на пензионерите на Македонија, Драги Аргировски, кој истакна дека ЗП „Кочани“ е вистински пример за успешна работа и соработка со локалната власт.

Градоначалникот на општината Кочани, Ратко Димитровски, во своето обраќање истакна дека соработката со кочанското пензионерско здружение ќе продолжи и понатаму, притоа најавувајќи дека ќе се преотстапи нов деловен простор од стотина квадратни метри за пензионерски клуб во населбата Калиманова Глава во Кочани.

● **На седницата на собранието на здружението на пензионери од Неготино** претседателот Петар Захарчев поднесе извештај за работата и за активностите во текот на минатата година. Покрај другото, тој истакна дека е поведена иницијатива за утврдување на сопственоста на пензионерскиот дом во Неготино и дека е доставено барање до советот на општината за доделување локација за изградба нов пензионерски дом, со капацитет до 15 гарсониери.

● **На седницата на собранието на ЗП „Нов Дојран“** претседателот Боривое Бојаџиев ја истакна успешната соработка со локалната самоуправа, со очекување да биде и на повисоко ниво.

● **На 15 март 2012 година во пензионерскиот дом во Ново Село се одржа седницата на собранието на ЗП „Ново Село“**, со која раководеше претседателот Никола Калпачки. На седницата беа усвоени извештаите за работата на собранието и на извршниот одбор на здружението, завршната сметка за 2011 година, финансискиот план за 2012 година и извештајот за финансиско-материјалното работење за 2011 година. На седницата присуствуваше Данче Даскаловска, член на извршниот одбор на СЗПМ, која информира за новите програмски задачи.

● **И собранието на ЗП „Штип“** како највисок орган на управување ги разгледа и усвои програмата и финансискиот извештај, кој претставува огледало за позитивното работење. За ова се изјасни претседателот Михаил Василев, како и повеќе учесници во дискусијата.

● **Собранието на здружението на воените пензионери на РМ**, на 23 март, на отчетна седница донесе значајни одлуки за создавање подобри услови за дејствување и внесување нови содржини во работата на органите и на телата. Извештај за работа на здружението во минатата година поднесе претседателот Драган Бозаревски, при што истакна дека 2011 година е една од поуспешните години на ЗВП, бидејќи во целост се остварени програмските цели, иако во определени сегменти од работата можело да биде и подобро. За реализацијата на планираните финансиски средства за 2011 година говореше новоизбраниот потпретседател на ЗП Ѓорѓи Заринскии, кој истакна дека средствата се плански користени. На оваа, како и на седницата на собранието на здружението на пензионери од Тетово, говореше претседателот на СЗПМ, Драги Аргировски, залагајќи се за нова динамика во активностите во духот на европските интенции за старите луѓе.

Општ заклучок од досега одржаните отчетни седници е дека во здруженијата на пензионерите-членки на СЗПМ во 2011 година се работело интензивно и домаќински и дека се очекува тој интензитет да продолжи и во 2012 година.



# Донесен календарот за претстојните активности на СЗПМ

**На последната седница на Извршниот одбор на СЗПМ на предлог на комисијата за културно забавен живот и на Комисијата за спорт и рекреација беше утврден календарот за наредните активности на здруженијата и Сојузот.**

**Десетите регионални фолклорни ревии на песни, музика и игри ќе се одржат во 6 региони и тоа:**

- **Во Пробиштип на 6 јуни**
- **Во Кавадарци на 8 јуни**
- **Во Куманово на 16 јуни**
- **Во Тетово на 17 јуни**
- **Во Кочани на 1 септември**
- **Во Битола на 2 или 4 септември**

**Јубилејната републичка ревија се планира да се одржи на 18 септември 2012 година**

**Седумнаесеттите Регионални спортските натпревари ќе се одржат во 8 региони и тоа на:**

- **26 мај во Валандово**
- **29 мај во Кисела Вода – Скопје**
- **9 јуни во Пробиштип**
- **16 јуни во Гостивар**
- **23 јуни во Кочани**

**Домаќини ќе бидат и Струга, Охрид и Ресен.**

**На 10 септември 2012 година ќе се одржат 17-тите Републички пензионерски спортски натпревари.**

**Јубилејната Републичка фолклорна ревија на песна музика и игри, како и 17 – тите Републички пензионерски спортски натпревари, ќе бидат во знакот на одбележување на Денот на пензионерското организирање во Македонија, 20 –ти септември.**

**По завршување на овие манифестации ќе бидат издадени Билтени во кои ќе бидат поместени текстови и фотографии од овие два значајни пензионерски настана.**



ПАТЕШЕСТВИЕ... МОНОГРАФИЈА ОД ВЕРА ПОПОВСКА



# Најважно е духот да ти е млад, борбен и енергичен

Цветанка Илиева

Животниот пат на секого од нас е различен и преполн со искушенија, болки, радости, страдања и среќа што тешко се опишува со збор. Времето е релативна работа. Никој не може да каже - овде сега ставам црта на нештата. И во примерот на Вера Поповска би требало да важи онаа народната - преполна со вистина - никогаш не вели не. По четири поетски збирки, Вера се решила да ги опише својот живот и постоење не само во светот на литературата туку напротив, и како човек, жена, сопруга, мајка, активист во невладиниот сектор. Таа и во третата доба од животот не се предава. Активно работи во пензионерското здружение. Некогаш и годините на човека не му можат ништо. Чувството е безгранично. Многу е важно духот да ти е млад, борбен, енергичен. Вера Поповска тоа одамна го разбрала и така го одела својот пат. Од Велгошти, преку Охрид, од гимназијата преку КУД „Сашо Огнен". И ништо чудно што таа река од емоции, собирана со месеци и години, многу подоцна ја претворила во поезија, која ќе ви ја разгали душата, но и ќе ве потсети на горчливите моменти во животот.

Вера искрено ги опишува својот живот и потекло, првото вработување, средбата со сопругот, раѓањето на децата и желбата да се учи и напредува. Од „Охридска трговија" до СИЗ за вработување, преку Економскиот факултет во Прилеп. Нејзините Владо, Митко и Тони биле три света споени во еден. Тие биле и се нејзиниот прозорец кон светот. Судбината сакала сопругот Владо, познат стопанственик, многу рано да почине. Вера признава: „Ми требаше време да се најдам себеси". Аналитичкиот приод кон животот ѝ го покажал и осветлил патот кон иднината. Како што ќе рече и во монографијата, рано станала пензионерка. Слушајќи го отчукувањето на часовникот во себе таа решава општествено да се ангажира. Не само да го пополни своето слободно време туку да помогне со својата мудрост и животно искуство собирано со години.

Поетските збирки што ги создаде Вера ги покажуваат нејзиниот елан и самопрегор. Се редат една по една – „Надежи", „Поглед кон светлината", „Езерски немири" и „Опсесии". Како што ќе рече и рецензентот на монографијата Милчо Јовановски, тоа се збирки, која од која побогати и преполни со живот преточен во стих. Вера е горда што примероци од книгата „Поглед кон светлината" ги поминаа овие балкански граници и се наоѓаат во конгресната библиотека во Вашингтон. Со здружението на жени „Бисера" и со Здружението на пензионери во Охрид минувала километри и километри да ја кажува и дели својата поезија со другите, да пее за својот Охрид, како и женската пејачка група при активот на пензионерки.

Монографијата Вера Поповска ја сфаќа како сведоштво за едно време. На тоа потсетува и песната „За тебе".

## *„За тебе"*

*Во едно утро - рано,*
*Еден ден во мојот живот*
*Радост почувствував јас*
*А тоа беше љубов и сон.*

*Посакав да љубам, да го сакам*
*Оној што го сонував јас,*
*Потоа исчезна тој*
*Од мислата и сонот мој*
*Воскресна и избега*
*Со длабока жалост се секавам*
*Како многу солзи пролеав*
*А од мислата моја*
*не го избришав јас.*

ДЕМОГРАФСКО ИСТРАЖУВАЊЕ ВО АМЕРИКА

# Старејте, а чувствувајте се помладо



М-р Снежана Кутузовска

Дали староста е крај на секоја помисла на младоста? Кога всушност почнува староста? Дали тоа се мери со бројот на годините или со чувствата? Кога станува збор за оваа тема, добро е да се потсетиме на зборовите на еден мудрец што рекол дека никогаш не е доцна да имате среќно детство. Или, со други зборови, и старите луѓе можат да бидат „незрели".

Сето ова е увод да ги претставиме резултатите од испитувањето на американскиот истражувачки центар „Пју", кои се однесуваат на староста и односот кон неа, на среќата во повозрасниот период, како и други работи што се битни за животот на луѓето на кои им е завршен официјалниот работен век.

Еден од главните наоди на истражувањето, без оглед дали е некој млад или стар, е дека за среќа се неопходни два елементи: верни пријатели и финансиска сигурност.

Се разбира, не е изненадувачки наодот дека оние чие здравје е извонредно, во 25 отсто случаи биле поннаклонети да дадат изјава дека се „многу среќни", што секако не бил случај со оние што имаат некои здравствени проблеми. Исто така, на изјавите за тоа колку се (не)среќни влијаеле и финансиските услови на оние што биле во истражувачката мостра.

Среќата, всушност, е уште една голема загатка за научниците. Додека од една страна е јасно дека доброто здравје влијае врз нечие чувство на задоволство и исполнетост, многумина истражувачи тврдат дека и обратното е точно - дека среќата придонесува за доброто здравје.

Меѓутоа, едно е очигледно во сите општества - дека со стареењето се намалуваат и дружењата, се стеснуваат таканаречените социјални мрежи, односно олабавуваат врските меѓу луѓето. Тоа од една страна негативно влијае на расположението, а според тоа и на здравјето, но спротивно на тоа е фактот дека интензитетот и емоциите во другите врски со годините се зголемуваат, што ги компензира прекинатите општествени контакти.

Научниците имаат доволно елементи за тезата - која уште треба да се докажува - дека на среќата во повозрасната доба влијае и способноста за приспособување на променетите животни околности. Тие што очекувањата ќе ги приспособат на промените на животниот стил по пензионирањето, многу поуспешно ги избегнуваат осаменоста и изолираноста чувства што ги забрзуваат болестите и смртта.

Колку се постари, луѓето тежнеат да се чувствуваат помладо. Така, една третина од оние на возраст меѓу 65 и 74 години изјавиле дека се чувствуваат 10-19 години помладо, а една шестина од оние над 75 години себеси се подмладувале и за 20 години.

Во просек, учесниците во една анкета изјавувале дека староста почнува на 68 години. Но со тоа главно не се согласуваат оние што се постари од 65 години - според нив, староста почнува со навршени 75 години.

Заклучокот е дека староста е секогаш малку постара од вас. Но постојат и некои недвосмислени знаци на староста, без оглед на тоа кој како се чувствува. Тоа се зголемена склоност кон болести, губење на памтењето, престанок на сексуалните активности, борба со депресијата и тешкотии во плаќањето на месечните сметки. Многумина се и оние што тврдат дека влегувајќи во староста не им се остварило она што го очекувале: дека повеќе време ќе поминуваат со семејството, дека повеќе ќе патуваат, дека ќе имаат повеќе време за некое хоби и за почеток на друга кариера...

Стареењето, без оглед на личните чувства и објективните согледувања, е всушност едно големо непознавање во животот на оние што сѐ уште не се стари.

ФОТО ВЕСТ




# Добредојдена помош

Здружението на инвалиди на трудот и корисници на инвалидска пензија „Центар", со кое раководи претседателот Илија Чолаковски, и оваа година почна успешно да ја остварува програмата за работа. Од многубројните активности што ги планира и остварува здружението со помош на разни хуманитарни и други невладини организации, значителен дел се веќе реализирани. Така, за поголем дел заинтересирани членови преку шумското стопанство „Караџица" по поволни цени и плаќање на 6-месечни рати е извршено обезбедување огревно дрво, потоа за 66 инвалидски пензионери се обезбедени бесплатни билети за превоз со автобусите на ЈСП и 22 билети со 60 отсто партиципација, а на поголем број членови им е доделена помош во облека, храна и други продукти. Нашата фотокамера го забележа доделувањето облека на Шуаjиб Ахмед, кој не го криеше задоволството за ваквата акција на Здружението, а за помошта рече дека ќе му биде добредојдена, бидејќи со неговата пензија од 9.000 денари едвај го издржува десетчленото семејство. М.Д.

Прилогот „Пензионерски видици" е заеднички проект на „Нова Македонија" и Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

Страниците ги уредуваат:
Калина Сливовска Андонова и Мендо Димовски од СЗПМ и
Александар Димковски и Марјан Делевски од „Нова Македонија"